Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.03.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1868/2 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на ТВ Кисс Злате ДООЕЛ Тетово, емитувана на 25 март 2014 година**

***Утврдени прекршувања:***

1. **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** (за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 25 март 2014 година | Од 19:00:00 до 19:07:44 – **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;**<br><br>Од 19:08:01 до 19:08:55 – **Спот на Стево Пендаровски;**<br><br>Од 19:51:14 до 19:52:08 – **Спот на Стево Пендаровски;**<br><br>Од 19:52:25 до 19:59:59 - **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;** | Во периодот од 19 до 20 часот, емитувани се делови од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 15 минути и 18 секунди, што е за – 7 минути и 18 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања;<br><br>Во истиот реален час, емитувани се и два платени политички спота на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски со траење од 1 минута и 48 секунди;<br><br>Вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање во овој реален час од 19 до 20 часот, изнесува 17 минути и 6 секунди, што е за 5 минути и 6 секунди повеќе од дозволениот лимит - 12 минути за платено политичко рекламирање; |

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 25 март 2014 година | Од 20:00:00 до 20:07:49 - **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;**<br><br>Од 20:08:05 до 20:09:00 - **Спот на Стево Пендаровски;**<br><br>Од 20:51:02 до 20:51:56 - **Спот на Стево Пендаровски;** | Во периодот од 20 до 21 часот, емитувани се делови од митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 15 минути и 33 секунди, што е за – 7 минути и 33 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања;<br><br>Во истиот реален час, емитувани се и два платени политички спота на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски со вкупно времетраење од 1 минута и 49 секунди; |

| | | |
|---|---|---|
| | Од 20:52:15 до 20:59:59 - **Митинг на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;** | Вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање во овој реален час, од 20 до 21 часот, изнесува – 17 минути и 22 секунди, што е за 5 минути и 22 секунди повеќе од дозволениот лимит - 12 минути за платено политичко рекламирање; |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 25 март 2014 година, на програмата на ТВ Кисс Злате ДООЕЛ Тетово, во реалните часови од 19 до 20 часот и од 20 до 21 часот, емитувани се повеќе од 8 минути на реален час платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**